This programme is funded by the European Union

UN WOMEN




# МОДУЛИ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА МЕДИУМСКАТА ПИСМЕНОСТ ЗА РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО И НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИТЕ И ДЕВОЈКИТЕ

ХОПС
ОПЦИИ ЗА ЗДРАВ ЖИВОТ СКОПЈЕ

Коалиција Маргини

Национална мрежа против насилство врз жените и семејното насилство


NEWS

This programme is funded by the European Union

Издавач: ХОПС - Опции за здрав живот Скопје
Лектура: Виолета Златева Танчева
Дизајн: Бојана Мицевска

- ДИГИТАЛНО ИЗДАНИЕ -

*Оваа публикација е изработена во рамки на проектот „Со различен диксурс до подобра реалност, медиумите во борбата против родово базирано насилство – зајакнување на медиумската писменост за РБН.“, имплементиран од ХОПС – Опции за здрав живот Скопје, во партнерство со Коалиција Маргини и Национална мрежа за борба против насилството врз жените и семејното насилство, во рамки на Регионалната програма на Европската Унија и UN Women „Спречување на насилството врз жените и девојките: Имплементирање на норми – промена на ставови.“*

*Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската Унија. Нејзината содржина е предмет на единствена одговорност на ХОПС – Опции за здрав живот Скопје и нужно не ги одразува ставовите на Европската Унија.*
*Содржината на оваа публикација не ги одразува ставовите на Телото на ОН за унапредување на родовата рамноправност и зајакнување на жените UN Women, неговиот Извршен одбор или земјите-членки на Обединетите нации. Ознаките во оваа публикација не имплицираат мислење за правниот статус на било која земја или територија, нејзините органи или за ограничување на границите. Текстот не е уреден според официјалните стандарди за објавување и UN Women не прифаќа никаква одговорност за грешка.*

# ПРЕДГОВОР

Земајќи ги предвид напорите за справување со широкораспространетиот проблем со родово базираното насилство и насилството врз жените и девојчињата, информациите, подигнувањето на свесноста и улогата на медиумите се препознаваат како клучни цели на кои треба да се работи. Според Европската комисија, аудио-визуелниот сектор се смета за најважен извор на информации.

Согласно стратешките приоритети на Република Северна Македонија за приклучување кон Европската Унија, во изминатите неколку години се забележуваат одредени позитивни промени во усвојувањето на политиките поврзани со почитување на човековите права, спречување и заштита од дискриминација, подобрување на родовата еднаквост и ставање крај на насилството врз жените и девојчињата. Но борбата на моменти изгледа декларативна и предизвикувачка.

Во декември 2017 година нашата држава ја ратификуваше Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство (во натамошниот текст: Истанбулска конвенција). Следната година беше подготвен Националниот акциски план (НАП) за имплементација на Истанбулската конвенција 2018 – 2023 година, отворајќи го патот за воведување на посеопфатен пристап за борба против родово базираното насилство (РБН). Сепак, спроведувањето на овој Национален акциски план не се реализира редовно и голем дел од активностите се одложуваат. Меѓутоа, позитивно е тоа што Собранието на РС Македонија го изгласа новиот Закон за заштита од насилство врз жените и семејно насилство.

Истанбулската конвенција предвидува повеќе страни да работат на заштита и спречување на родово базираното насилство. Поконкретно, членот 17 од Истанбулската конвенција поттикнува големо вклучување на медиумите во обидот да се отстранат стереотипите и да се намали насилството врз основа на род. Сепак, според истражувањето спроведено од Агенцијата за аудио-визуелни медиумски услуги, сè уште постои „широко присутно портретирање на жени во медиумите преку рамките на бракот и семејството", задржувајќи ги традиционалните улоги на жените и нагласувајќи ги стереотипите.

Медиумите треба да бидат едуцирани и сензибилизирани да известуваат за родови прашања и родово базирано насилство на непристрасен начин, со избегнување на виктимизација и стигматизација на жените и жртвите на родово базирано насилство. Генерално, препознавањето и спречувањето на родово насилство од страна на медиумите сè уште е област на загриженост и треба да се унапредува.



Сведоци сме на пораст на омраза, сексистички и мизогинистички говор против политичарки или новинарки, особено во период на избори, или на социјалните мрежи. Ова ги зголемува веќе постојната стигма и предрасудите кон жените во политиката и во јавниот живот.

Настаните во случајот со телеграмската група „Јавна соба" докажаа дека дел од медиумите и пошироката јавност не го препознаваат родово базираното насилство и не придонесуваат кон заштитата на жртвите. Случајот „Јавна соба" докажа дека општеството и некои медиуми повторно ги виктимизираат жртвите, повторувајќи ја двојната виктимизација. Во вакви случаи, од медиумите се очекува да бидат во првите борбени редови против стигматизацијата и во едукацијата на јавноста за препознавање и спречување на родово базираното насилство. Сепак, праксата потврдува дека тоа не било случај. Затоа, едукацијата и подигнувањето на свеста е мошне важна, со цел медиумите да бидат едни од водечките партнери во борбата против родово базираното насилство во земјата.

Истражувањето спроведено од ОБСЕ[1] го препозна и присутното родово базирано насилство и сексуално вознемирување врз жени и девојки на социјалните мрежи. Обично испитаничките во истражувањето изјавиле дека станува збор за нивно се почесто малтретирање од мажи на платформите на социјалните мрежи, особено од помлади мажи, за кои жените веруваат дека барале секс.

Од друга страна, сведоци сме на моќта на медиумите и социјалното движење какво што е движењето #metoo, при што жените беа охрабрени да зборуваат против нивните насилници, а имаше медиуми кои отстапија простор за нивните приказни. Истото движење во Северна Македонија насловено како #сегакажувам, па потоа и останатите: #каденеодам и #зоштонепријавив, предизвика и јавни дебати, но она што изостана е тоа дека не беа доволно покриени од водечките медиуми, со цел да предизвикаат социјални промени.

Факт е дека кај нас насилството врз жените е широко распространето и во висок степен се толерира и прифаќа како нормално, како што покажа наведеното истражување на ОБСЕ, во кое се вели: „Речиси половина од жените сметаат дека семејното насилство е приватна работа".

Медиумите се столб во општеството и тие треба да бидат признати како партнери во борбата против родово базираното насилство и да ја зголемат својата улога во заложбите за родова еднаквост. За да ја извршат таа улога, тие треба да бидат соодветно обучени, сензибилизирани и едуцирани.

1 OSCE-led survey on violence against women North Macedonia: Main report, 2019, pg. 49.

Земајќи ги предвид постојните анализи и материјали, а во насока на зголемување на обемот на знаења во делот на улогата на медиумите и родово базираното насилство, ХОПС – Опции за здрав живот – Скопје и партнерските организациии Коалиција „Маргини“ и Националната мрежа за борба против насилството врз жените и семејното насилство, пристапија кон создавање на специјално изготвени модули кои ќе значат нови, современи насоки за соодветно надградување на вештините и знаењата на различни видови медиумски професионалци (новинари, репортери, истражувачки новинари, уредници, лица од менаџментот итн.).

Програмата, составена од три модули, која ви ја претставуваме во овој документ, е конципирана така за да бидат тие лесно достапни до сите заинтересирани страни од областа на медиумите, кои понатаму ќе можат да ги користат во подготвувањето на обуки, работилници, едукации, а со цел медиумските работници да добијат напредни сеопфатни знаења и напредни вештини во областа на родово базираното насилство. Модулите се напишани од долгогодишни стручњаци со различни профили: експерти од областа на медиумите, долгогодишни искусни експерти од областа на правото, социјалниот систем и психологијата, како и експерти од областа на родовата еднаквост.



ВО ОВОЈ ДОКУМЕНТ ЌЕ ИМАТЕ МОЖНОСТ ДА ГИ ДОБИЕТЕ СЛЕДНИТЕ МОДУЛИ:

## МОДУЛ 1
## РОДОВО БАЗИРАНОТО НАСИЛСТВО И МАРГИНАЛИЗИРАНИТЕ ГРУПИ НА ЖЕНИ, АВТОРКИ Д-Р ИРЕНА ЦВЕТКОВИЌ И М-Р НАТАША БОШКОВА

## МОДУЛ 2
## ПОСТОЈНАТА НАЦИОНАЛНА ЛЕГИСЛАТИВА И СИСТЕМОТ НА ЗАШТИТА НА ЖЕНИ И ДЕВОЈКИ ЖРТВИ НА РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО, АВТОРКА М-Р МАЈА БАЛШИЌЕВСКА

## МОДУЛ 3
## ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА РОДОВО БАЗИРАНОТО НАСИЛСТВО, АВТОРКА Д-Р МАРИНА ТУНЕВА

*Создадените модули можат да се користат од сите типови на медиуми: пишувани, телевизиски, радио, како и онлајн медиуми.*

**МОДУЛИТЕ СЕ СОЗДАДЕНИ ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТОТ: DIFFERENT DISCOURSE - BETTER REALITY: MEDIA IN COMBATING GENDER BASED VIOLENCE - STRENGTHENING MEDIA LITERACY ON GBV, ФИНАНСИРАН ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА, КАКО ДЕЛ ОД РЕГИОНАЛНАТА ПРОГРАМА НА UN WOMEN ЗА СТАВАЊЕ КРАЈ НА НАСИЛСТВОТО ВРЗ ЖЕНИТЕ. НОСИТЕЛ НА ПРОЕКТОТ Е ЗДРУЖЕНИЕТО ХОПС - ОПЦИИ ЗА ЗДРАВ ЖИВОТ СКОПЈЕ, А СЕ РЕАЛИЗИРА ВО ПАРТНЕРСТВО СО КОАЛИЦИЈА „МАРГИНИ“ И НАЦИОНАЛНАТА МРЕЖА ЗА БОРБА ПРОТИВ НАСИЛСТВОТО ВРЗ ЖЕНИТЕ И СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО.**




# МОДУЛ 1

## МОДУЛ 1

## РОДОВО БАЗИРАНОТО НАСИЛСТВО И МАРГИНАЛИЗИРАНИТЕ ГРУПИ НА ЖЕНИ

Авторки: д-р Ирена Цветковиќ, м-р Наташа Бошкова

**Времетраење на целиот модул: 4 часа и 75 минути (285 минути)**

### Сесија 1.1. Клучни концепти на родовите студии

**Времетраење: 90 минути**

Опис: Оваа сесија прави преглед на клучните концепти на родовите студии, какви што се: разлика меѓу пол и род, есенцијализам, родов систем, двојни стандарди, распределба на трудот во домот, семејство и концептот на родово базирано насилство. Понудените концепти понатаму се поврзуваат со концептот на родово базирано насилство изложувајќи ги нивните врски и меѓузависност. Динамиката меѓу родовите нееднаквости наоѓа своја највидлива манифестација во родово базираното насилство.

**Цели:**

- ◊ Да помогне учесниците да ги запознаат клучните теориски концепти на родовите студии кои ги врамуваат родовите нееднаквости;
- ◊ Да понуди знаења и вештини за разбирање на сеопфатноста на проблемот на родово базирано насилство;
- ◊ Да развие вештини и ставови кај учесниците за детектирање на социјалните нееднаквости кои лежат во основата на родово базираното насилство.

### Интерактивен дел 1

Објаснете им на учесниците дека во оваа сесија сакате да ги дополните нивните знаења и разбирања на клучните концепти на родовите студии кои ги обликуваат човековите перцепции, ставови и вредности за родово базираното насилство. Поделете им на учесниците празни листови хартија, а во средината на просторијата ставете една кутија. Секој од учесниците на својот лист хартија треба лично за себе да го дополни понудениот исказ во зависност од својот род: Немој да _______, не те личи зашто си машко; и Немој да _______, не те личи зашто си женско. Откако учесниците ќе завршат со пополнување, листовите ги ставаат во кутијата. Потоа обучувачот/ката ги чита и ги запишува на флипчарт сместувајќи ги во две колони – за машки и за женски.

### Интерактивен дел 2

Разговарајте за сите изјави поделени во колоните за машки и за женски учесници. Изјавите се коментираат преку одговор на следниве прашања:

- ◊ Дали овие вредности/улоги/однесувања за мажите и жените се вродени или научени?
- ◊ Дали разликите кои се појавуваат меѓу машките и женските изјави се производ на биологија, анатомија, природа или се социјални конструкти?
- ◊ Сумирајте кои се клучни нормативни вредности за женскоста, а кои за машкоста.
- ◊ Дали стандардите за оценување кои вредности/улоги/однесувања се пожелни за мажите и за жените се еднакви или судиме според двојни аршини?
- ◊ Кои се улогите на жените, а кои на мажите во домот?



## КЛУЧНИ ПОЕНТИ ЗА ДИСКУСИЈА

- ♦ Разлика меѓу род и пол

Терминот пол реферира на биолошки диференцијации (Oxford English Dictionary). Терминот пол реферира на биолошки и физиолошки карактеристики кои ги дефинираат мажите и жените (Светска здравствена организација). Полот е детерминиран од биолошките дискурси и освен со медицинска интервенција, тој е неменлив.

Терминот род ја истакнува социјалната и културната наспроти биолошката дистинкција меѓу половите (Oxford English Dictionary). Терминот род реферира на социјално конструирани улоги, однесувања, активности и вредности кои одредено општество ги смета за подобни за мажите и жените (Светска здравствена организација). Родот е детерминиран од општествени фактори – историја, култура, традиција, општествени норми, религија.

Биолошките разлики кај мажите и жените се сведуваат на половите, репродуктивните и хормонските обележја. Терминот пол се употребува во биолошките дискусии, односно секогаш кога зборуваме на тема поврзана со вродените, биолошки разлики меѓу луѓето. Врз основа на овие полови разлики е создадено, нормализирано, натурализирано поимање дека мажот и жената се целосно различни битија. Различните полови обележја ги одредуваат општествените улоги, задачи, привилегии, начини на однесување, облекување како природно мажествени и женствени. Сепак, стекнатите општествени разлики се поголеми од биолошките разлики. Конструктот и изведбата на овие доделени карактеристики, социјални, културолошки и економски атрибути од страна на општеството врз индивидуите, се нарекува род. Терминот род се употребува кога говориме за разликите меѓу мажите и жените кои не се телесни, биолошки, репродуктивни.

### Есенцијализам

Есенцијализмот претставува надминат концепт во општествените науки. Есенцијализмот претставува концепт според кој сите манифестации на родовите разлики се вродени, транскултурни и историски неменливи. Есенцијализмот постојано упатува на биолошките разлики меѓу половите употребувајќи ја оваа логика за да ги објасни и разликите во родот и сексуалноста. Оваа форма на биолошки есенцијализам е најчесто побивана од феминистките за сметка на социјалниот конструктивизам. Во оваа сесија увидовме дека клучните родови разлики меѓу мажите и жените не се вродени, туку стекнати.

Со други зборови, родовите разлики треба да бидат разбрани како општествено конструирани (социјален конструктивизам), а не како вродени (есенцијализам).

## Родов систем

Родовиот систем претставува систем на идеолошки и материјални практики кај луѓето во едно општество, преку кои односите на моќ меѓу мажите и жените се конструирани или одржувани. Преку родовиот систем во општеството се формираат форми и кодови на маскулинитетот (мажественост) и феминитетот (женственост) и се организираат релациите меѓу нив. Со други зборови, родовиот систем лежи во основата на доминантните вредности/улоги/однесувања кои се типични и пожелни за мажите и за жените. Овие норми ја структурираат нееднаквоста меѓу родовите. Сепак, родовите релации се отворени за интервенции и промени. Родовиот систем не е фиксен, туку е променлив низ историјата, но и географски во различните култури. Тоа значи дека луѓето можат да влијаат врз зголемување или намалување на родовите нееднаквости во дадена култура.

## Двојни стандарди

Во општествениот живот, човековите однесувања се обликувани од формални, но и од нефомални норми и правила. Теоријата и историјата покажуваат дека мажите ја имале и ја имаат моќта да ги дефинираат формалните и неформалните култури на однесувања. Поради тоа, критериумите и стандарите за оценување и регулирање на општествено дозволените и прифатливите однесувања кај жените се разликуваат од оние кај мажите. Со други зборови, наместо еден единствен стандард за оценување на однесувањата кај сите луѓе, постојат двојни стандарди/двојни аршини, од кои едни важат за мажите, а други за жените. Така, на пример, сексуалната активност и слобода кај мажите е поттикнувана, а кај жените е забранувана или критикувана. Формалната/легална еднаквост се однесува на еднакво уживање на граѓанските и политичките права и статус. Денес концептот за двојни стандарди не се однесува како порано на формалната еднаквост, туку се употребува како концепт во анализата на неформалните норми и правила, особено во контекст на сексуалноста.

## Распределба на трудот во домот

Распределбата на трудот во домот означува распределба на обврски и задачи важни за одржување на просторот во кој се живее (куќна заедница) меѓу членовите на едно семејство. Понекогаш концептот на родова распределба на трудот се употребува за да се означат разликите меѓу мажите и жените во нивните задачи и обврски кои се потребни за секојдневното одржување на домот/куќната заедница. Традиционалната распределба на трудот (која се појавува после индустријализацијата) подразбира дека мажите имаат примарна обврска за обзбедување на финансии за нивното домаќинство (преку ангажирање на пазарот на труд/вработување надвор од домот и ангажирање во платен труд), а жените имаат примарна обврска во водење и одржување на домашната работа и грижа за членовите на семејството (чистење, купување, перење, готвење, грижа за децата). Пречекорувањето на овие улоги, односно семејства во кои мажите се посветени на домот и грижата за децата, а жените се вклучени на пазарот на труд и се примарни обезбедувачи на финансии, се далеку поретки и често јавноста знае да ги исмева или критикува.

## Семејство

Општествените и хуманистички науки во минатото гледале на семејството исклучиво низ позитивна призма, односно како заедница која гарантира сигурност, безбедност, љубов и поддршка. Токму вториот бран на феминизмот отвори дополнителни перспективи во разгледувањето на овој концепт. Многуте премолчени случаи на родова нееднаквост и насилство во семејството придонесоа науката и системот да почнат да гледаат на семејството како на уште еден простор на женското угнетување, простор во кој, незабележани од надворешниот свет, жените биле или се оставени на милост и немилост на нивните татковци, сопрузи, простор каде што законот на патријархатот го држи својот најпримитивен облик. Интересот на родовите студии за приватната сфера го донесе заклучокот дека социјалните релации и динамики дотогаш засновани единствено врз сродство и романтична љубов, можат да бидат набљудувани како делови на патријархалниот репресивен систем. Слоганот на вториот бран феминизам – Личното е политичко – значеше токму отворање на јавниот интерес кон злоупотребите и насилството врз жените и во приватната сфера на домот и семејството.

### Родово базирано насилство

Погоре дефинираните концепти кои ги објаснуваат темелите на родовите нееднаквости го врамуваат родово базираното насилство, но и односот на општата јавност и општествата кон овој проблем. Постојат различни позиции во дефинирањето дали одредни однесувања се насилни или не. Насилството може да биде потесно дефинирано преку правни/легалистички термини како незаконска употреба на (физичка) сила против други живи суштества. Насилството може да биде и пошироко дефинирано, според што постои палета од насилни однесувања, од вербално и психолошко насилство, сексуално вознемирување, па се до физичко и сексуално насилство, односно силување. Поширокото разбирање на насилството ни дозволува да ја разбереме високата преваленција и фреквенција на насилни однесувања во дадено општество.

## Сесија 1.2. Интерсекционален пристап во третирањето на родово базираното насилство

**Времетраење: 60 минути**

Опис: Оваа сесија ја опишува рамката на интерсекционалноста како теоретска рамка за разбирање на начините на кои некои аспекти од општествените и политичките идентитети на поединците (како род, раса, класа, сексуалност, кадарност итн.) можат да се комбинираат меѓусебно во создавањето уникатни модалитети на дискриминација и насилство.

Во оваа сесија фокусот ќе биде ставен на спецификите на случаите на родово базирано насилство врз маргинализирани групи на жени како: Ромки, жени со попреченост, сексуални работнички, корисници на дроги, лезбијки и бисексуални жени, трансродови жени итн.



### Цели:

- ◊ Да помогне учесниците да го разберат моделот на интерсекционалност и повеќекратните идентитети кои влијаат врз искуствата на родово базираното насилство;
- ◊ Да развие вештини кај учесниците за препознавање на повеќекратноста на идентитетите кај жртвите на родово базирано насилство;
- ◊ Да го подигне знаењето на учесниците за маргинализираните групи на жени кои се ранливи на родово базирано насилство.

### Интерактивен дел 1

На листови хартија испишете различни општествени групи чија бројка ќе соодветствува со бројката на учесници. Овие групи треба да ги опфаќаат сите општествени позиции во хиерархијата на моќ, како: директор, политичар, самохрана мајка, лице во количка, дете со посебни потребни, сексуална работничка, геј-маж, лезбијка, транс-маж, транс-жена, човек од рурална средина, човек од урбана средина, млад/а, пензионер/ка итн. Секој/а учесник/чка добива своја улога и додека трае вежбата се замислува како таков/ва. Учесниците се редат по должина во иста линија. На спротивната страна одбележете линија која ќе ја означува крајната дестинација, односно цел. Вие почнувате да ги читате изјавите дадени подолу, а учесниците според својата улога треба да чекорат напред со онолку чекори колку што сметаат дека избраната улога (директор или самохрана мајка, на пример) може да направи во нашето општество во однос на дадениот проблем/предизвик.

Изјави:

1. Јас можам слободно да се движам во средината во која живеам.
2. Јас можам без ограничување да го изберам моето образование.
3. Јас немам проблем да остварам здравствена заштита.
4. Јас имам доволно храна за живот.
5. Јас можам да се вработам.
6. Јас можам да добијам заштита од полиција кога ќе пријавам дека сум жртва на насилство.

На крај, учесниците ќе се наоѓаат на различна далечина од посакувана цел/дестинација. Разговарајте дали сите општествени групи имаат еднакви можности во нашето општество и селектирајте кои групи полесно стигнуваат од целта, а кои потешко.

## КЛУЧНИ ПОЕНТИ ЗА ДИСКУСИЈА

- Интерсекционалност

Интерсекционалноста е теоретска рамка за разбирање на начините на кои некои аспекти од општествените и политичките идентитети на поединците (како род, раса, класа, сексуалност, кадарност, односно способност или моќ итн.) можат меѓусебно да се комбинираат во создавање уникатни модалитети на дискриминација. Интерсекцискиот феминизам претставува квалитативна аналитичка рамка која ги идентификува начините на кои испреплетените системи на моќ ги засегаат најмаргинализираните во дадено општество.

Истражувањата покажуваат дека социо-демографските карактеристики на заедниците кои се соочуваат со правни проблеми во Република Северна Македонија укажуваат на значителни разлики во пристапот до правда. Па така, постои значителен степен на непрепознавање на одредени форми на насилство или кршење на човековите права кај групите кои не го уживаат социјалниот статус на мнозинството или кај оние кои не се дел од привилегираните групи. Најзаштитена група на луѓе во нашето општество, според истражувањата, се: младите, бели, високообразовани и економски активни цисродови мажи од урбаните средини. Припадниците на маргинализираните групи ретко пријавуваат насилство, а и кога пријавуваат често не ја добиваат соодветната заштита и правда од институциите на системот. Така, на пример, постои голема разлика во односот на институциите кон жена жртва на физичко семејно насилство кога жената е обрзована, ситуирана и вклучена во препознаен пазар на труд, во споредба со односот на институциите кон жена жртва на сексуално насилство кога таа е сексуална работничка без образование.

### Интерактивен дел 2

Поделете ги учесниците во три групи. Секоја група добива свој случај, според кој ќе треба да направи:

а) Концепт за медиумско претставување на случајот;

б) Избор на главна тема (која ќе го постави дадениот проблем во поширок контекст) и на поттеми;

в) Избор на профил или професија на соговорници или давачи на изјави.

На крај, учесниците се собираат на пленарна сесија и ги претставуваат своите концепти.

**Случај 1:** Вера и Јана се цимерки и живеат во ист стан во населбата Карпош 1 во Скопје. Еден ден тие повикуваат полиција во својот стан, каде што биле физички нападнати и истепани од двајца мажи. Вера и Јана имаат видливи физички повреди на телото и се во стрес. Полицијата доаѓа да изврши увид и во разговор со Вера и Јана дознава дека не ги познаваат двајцата мажи кои ги истепале, дека биле клиенти на кои требало да им дадат сексуални услуги за одредена парична сума. Откако завршиле со давањето на сексуални услуги, мажите си ги побарале назад парите, а кога девојките одбиле да им ги дадат, тие физички ги нападнале. Полицијата дознава дека во тој стан Вера и Јана подолго време даваат сексуални услуги на мажи и веднаш реагираат со пријава за вршење проституција. Соседите на Вера и Јана даваат исказ за полицијата дека често гледаат различни мажи кои доаѓаат во нивниот стан и дека одамна се сомневаат дека во нивната зграда постои јавна куќа.

**Случај 2:** Милка е жена на 48 години од село Враштa. Таа живее со својот сопруг во семејната куќа во селото. Еден ден нејзините соседи го наоѓаат безживотното тело на Милка во дворот на куќата. Повикуваат полиција, која констатира дека Милка е убиена од страна на нејзиниот сопруг. Полицијата дознава дека во неколку наврати Милка го информирала Центарот за социјална грижа за проблемот со семејно насилство, неколкупати само во последната година, а трипати во текот на последните 6 месеци пријавувала семејно насилство во полиција. Полицијата во претходните наврати доаѓала до семејната куќа и откако ќе увиделе дека ситуацијата се смирила, го предупредувале сопругот во иднина да не врши семејно насилство врз Милка, ќе направеле записник и ќе си заминеле. Соседите на Милка зборуваат дека нејзиниот сопруг бил мирен и вреден и дека имал понекогаш проблеми со алкохолот, но обично бил добар и љубезен сосед.

**Случај 3:** Борјана е наставничка по англиски јазик во едно основно училиште во Велес. Таа е разведена и има две деца, кои учат во училиштето во коешто Борјана предава. Кога едно утро доаѓа на своето работно место, Борјана гледа испечатени листови хартија залепени насекаде околу училиштето, на самата ограда, на кои стојат навреди кон неа напишана со име и презиме и информации дека наводно била жена со лесен морал и уживала во сексуални односи со повеќе лица истовремено. Борјана ја повикува полицијата и на службениците им кажува дека не се сомнева во никого конкретно, освен можеби во нејзиниот поранешен сопруг или поранешната девојка на нејзиниот сегашен партнер.

Сепак, Борјана нема конкретни докази за своето сомневање. Полицијата кажува дека во овој случај нема никакви докази и дека нема да може да започне истрага. Борјана го губи авторитетот на наставничка во училиштето, станува предмет на озборување меѓу наставниците и учениците, а нејзините деца страдаат силно од овој настан.



## Сесија 1.3. Заштита на правата на маргинализираните заедници

**Времетраење: 90 минути**

Опис: Оваа сесија ја опишува правната рамка во која е регулирано, односно забрането родово базираното насилство во сите облици и форми во кои се појавува. Исто така, слушателите ќе се стекнат со знаење за меѓународната правна пракса за унапредување на правата на маргинализираните заедници. Преку анализа на меѓународните стандарди и одлуките на меѓународните и регионалните механизми за заштита на човековите права, ќе се претстави јазот помеѓу меѓународните стандарди и националните политики и начинот на кој овој јаз може да се надмине. Преку презентација на конкретни случаи, ќе се добие знаење за улогата на стратешкото застапување во промената на законите и праксата на институциите кон маргинализираните заедници, како и за улогата на медиумите во овие процеси.

**Цели:**

- ◊ Да им помогне на учесниците подобро да ги разберат правните обврски на државата во справувањето со родово базираното насилство, особено врз маргинализираните заедници;
- ◊ Да развие вештини кај учесниците за препознавање на повреди на права на маргинализирани заедници;
- ◊ Да им помогне на учесниците да ја разберат својата улога во борбата за заштита на човековите права на маргинализираните заедници.

**Презентација со интеракција**

Објаснете им на учесниците кои се клучните регионални и меѓународни стандарди за заштита на правата на маргинализираните заедници и каква е нивната поставеност во националниот правен поредок. Преку цртеж/табела прикажете им ја структурата на правните документи што се значајни за да се разбере важноста на меѓународните и регионалните конвенции и нивната пракса во постапувањето на домашните институции.

Претставете им ги најзначајните случаи на механизмите за заштита на човековите права при ООН релевантни за заштита на маргинализираните заедници од насилство и дискриминација, како на пример L. C. против Перу (2011); Karen Tayag Vertido против Филипини, 2010; O. N. and D. P. v. Russian Federation, 2020; Young v. Australia, 2003; X v. Columbia, 2007; Irina Fedotova v. Russia, 2012; D.C. and D. E. v. Georgia, 2017.

Преку случаите ќе се добие претстава за обврската што ја има државата при заштита на жртви на семејно насилство; заштита на жртви на сексуално насилство; обврската на државата да обезбеди безбеден и легален абортус; и обврската на државата да им обезбеди заштита на повредените права на жената при ограничување на правото на абортус.

Вклучете ги слушателите во дискусијата на фактите на случаите и одлуките на одделните комитети и направете паралела со случаи и постапување на домашните институции во исти или слични ситуации.

Овој дел од сесијата дополнете го со информации за обврската на државата по ратификацијата на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство, и нејзиното влијание врз домашното законодавство и постапувањето на институциите. Нагласете ја обврската за интерсекционален пристап во превенцијата и заштитата на жртвите.

Вклучете ги слушателите во дискусијата за обврската на медиумите во превенцијата на родово базираното насилство врз маргинализираните заедници.

Претставете им ги најзначајните случаи на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) релевантни за заштита на маргинализираните заедници од насилство и дискриминација, како на пример Opuz v. Turkey, M. C. v. Bulgaria, P. M. v. Bulgaria, B. S. v. Spain, S. M. v. Croatia. Преку објаснување на фактите на случаите и одлуката на ЕСЧП, слушателите ќе се стекнат со знаење за обврската на државата да ги заштити маргинализираните жени од насилство, имајќи ги притоа предвид општествените и политичките

идентитети на жртвите како отежнувачка околност. Праксата на ЕСЧП ќе им даде увид на слушателите и во обврската на државата да ги заштита правата на ЛГБТИ луѓето, заштита од дискриминација при вработување, заштита на приватниот живот, правото на собир, слободата на изразување и говорот на омраза кон ЛГБТ луѓето. Во овој дел од сесијата ќе се даде посебен осврт на правата на трансродовите луѓе.

Во дискусијата може да се користат случаите на ЕСЧП, и тоа: Oliari and others v. Italy; Beizaras and Levickas v. Lithuania; Van Kück v. Germany, Identoba v. Georgia, X v. North Macedonia и други.

Вклучете ги слушателите во дискусијата на фактите на случаите и одлуките на одделните комитети и направете паралела со случаи и постапување на домашните институции во исти или слични ситуации.

## Интерактивен дел

Поделете ги учесниците во три групи. Секоја група добива по една медиумска објава според која групата ќе треба да направи:

а) Анализа на содржината на објавата;

б) Проблематични делови што се спротивни на стандардите за човекови права;

в) Предлози за унапредување на објавата.

На крај, учесниците се собираат во пленарна сесија и ги презентираат своите концепти.



## Извори:


L. C. против Перу (2011):

https://www2.ohchr.org/english/law/docs/CEDAW-C-50-D-22-2009_en.pdf

Karen Tayag Vertido против Филипини, 2010:

https://juris.ohchr.org/Search/Details/1700

D. C. and D. E. v. Georgia, 2017:

https://atlas-of-torture.org/en/document/h7po7091r0jhri3ilqns1c3di?page=3

Opuz v. Turkey:

https://hudoc.echr.coe.int/fre#{%22itemid%22:[%22003-2759276-3020932%22]}

M. C. v. Bulgaria:

https://www.casebriefs.com/blog/law/criminal-law/criminal-law-keyed-to-kadish/homicide/m-c-v-bulgaria/

P. M v. Bulgaria:

https://www.law.cornell.edu/women-and-justice/resource/pm_v_bulgaria

B. S. v Spain:

https://fra.europa.eu/en/databases/criminal-detention/node/5060

S. M. v. Croatia:

https://strasbourgobservers.com/category/cases/s-m-v-croatia/

Oliari and others v. Italy:

https://strasbourgobservers.com/2015/09/16/oliari-and-others-v-italy-a-stepping-stone-towards-full-legal-recognition-of-same-sex-relationships-in-europe/

Beizaras and Levickas v. Lithuania:

https://hudoc.echr.coe.int/spa#{%22itemid%22:[%22001-200344%22]}

Identoba v. Georgia:

https://bit.ly/2OffXFa

X v. North Macedonia:

https://bit.ly/3r7orwG

Н. Бошкова, Прирачник со меѓународни стандарди за заштита од дискриминација врз основа на сексуалната ориентација и родовиот идентитет. Достапно на:

https://bit.ly/3q5nRhO

## Сесија 1.4. Терминологија

**Времетраење: 45 минути**

Опис: Оваа сесија вклучува преглед на клучните термини и важноста од нивна правилна употреба кога се зборува за родово базираното насилство.

**Цели:**

- Да ги запознае учесниците со клучните термини и нивната правилна употреба кога се зборува за родово базираното насилство и маргинализираните заедници.

### Терминологија поврзана со родово базираното насилство врз жените

Претставете им ги на слушателите усвоените дефиниции на поими поврзани со родово базираното насилство согласно меѓународните стандардите, а потоа направете паралела со терминологијата што сеуште се користи во домашната правна рамка и терминологијата што се користи при известување за настани што вклучуваат родово базирано насилство и права на маргинализираните заедници. Слушателите ќе се запознаат одделно со овие термини и ќе дискутираат за нивната употреба наспроти термините што често се користат во медиумските објави: нарушени брачни односи; нарушени односи; недоразбирање; меѓусебна тепачка; облуба и други.

**Насилство врз жените** претставува кршење на човековите права, дискриминација врз жените и ги означува сите дејствија на родово базирано насилство што доведуваат или веројатно ќе доведат до физичка, сексуална, психичка или економска повреда или страдање на жените, вклучувајќи и директни и индиректни закани и заплашување за такви акти, изнуда или произволно лишување од слобода, без оглед дали се случуваат во јавниот или приватниот живот.

**Родово базирано насилство врз жените** означува насилство насочено против жената затоа што е жена или коешто несразмерно ја погаѓа.

**Семејно насилство (СН)** подразбира малтретирање, навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, сексуално или друго психолошко, физичко или економско насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, вклучувајќи и закани за такви дејствија, спрема брачен другар, родителите или децата или спрема други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема сегашен или поранешен брачен другар, вонбрачен партнер или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи, без оглед дали сторителот го дели или го делел истото живеалиште со жртвата или не.

**Насилство од интимен партнер** подразбира однесување на сегашен или поранешен сопружник или партнер што предизвикува физичко, сексуално, психолошко или економско насилство.

**Физичко насилство** е секое дејствие на примена на физичка сила или дејствие со кое се нарушува здравјето и телесниот и психичкиот интегритет на жртвата.

**Психолошко насилство** е секое однесување со употреба на присила, заплашување или закана, кое предизвикува чувство на страв, загрозеност, вознемиреност или повреда на достоинството и психичкиот интегритет на жртвата.

**Демнење** е секое намерно однесување на повторено заканување насочено кон друго лице што предизвикува лицето да се плаши за својата безбедност.

**Економско насилство** е секое дејствие на ограничување или спречување во располагање со лични приходи и финансиски средства, за одржување на заедничкото домаќинство и за грижа на детето, со што се предизвикува економска зависност на жртвата.

**Сексуално вознемирување** е секое вербално, невербално или физичко однесување од сексуална природа што има за цел или последица повреда на достоинството на лицето, особено кога се создава заканувачка, непријателска, деградирачка, понижувачка или навредлива средина.

Сексуално вознемирување преку Интернет **е несакано** вербално, невербално или друго постапување од сексуална природа, што има за цел или последица повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.

**Сексуално насилство** е секое дејствие од сексуална природа со кој било телесен дел или предмет на телото на друго лице без негова/нејзина согласност. Сексуално насилство постои и кога се наведува друго лице без негова согласност да се вклучи во акти од сексуална природа со трето лице. Согласноста мора да е изразена доброволно како резултат на слободната волја на лицето.

## Терминологија поврзана со ЛГБТИ луѓето

Претставете им ги на слушателите усвоените дефиниции на поими поврзани со ЛГБТИ луѓето согласно меѓународните стандардите и направете паралела со терминологијата што се користи во домашната правна рамка и терминологијата што се користи при известување за настани што вклучуваат ЛГБТИ луѓе. Слушателите ќе се запознаат одделно со овие термини и ќе дискутираат за нивната употреба наспроти термините што често се користат во медиумските објави: педер; педерски; топли браќа; транџа; заробен во погрешно тело; станал маж/жена и други.

Сексуална ориентација е способност за трајна емоционална, романтична и физичка привлечност кон одредено лице; партнерот/партнерите можат да бидат од различен пол (хетеросексуалност), од ист пол (хомосексуалност) или од двата пола (бисексуалност).

ЛГБТ **е** сеопфатен термин кој се однесува на луѓето кои се идентификуваат како лезбијки, геј-мажи, бисексуалци и/или транс. И покрај честото совпаѓање меѓу сексуалната ориентација и родовиот идентитет во заедницата, што се однесува на здравствените прашања, на насилството и дискриминацијата, родовиот идентитет и сексуалната ориентација се различни аспекти на идентитетот на единката, и не треба да се поистоветуваат.

Интерсексуално лице се однесува на лице кое има мешавина на машки и женски генетски и/или физички карактеристики. Многу интерсексуални лица се сметаат себеси за дел од транс-заедницата.

**МСМ („мажи кои имаат секс со мажи“ или „секс меѓу мажи“)** е термин кој се користи во јавното здравство и се однесува на кој било маж кој има сексуални односи со друг маж без разлика дали тоа се случува повремено, редовно или како израз на геј-идентитет. Терминот се користи за да се опише тип на сексуална активност без да се навлегува во дефинирање на идентитетот на лицата (геј или стрејт) и се употребува со цел здравствените интервенции (особено образованието за ХИВ/СИДА и услугите) да може да им се нудат на лица врз основа на нивната потреба. Еквивалентниот термин ЖСЖ (жена со жена) не постои во јавните документи, но се користи во истражувањата.

## Клучни поими за транс-луѓето

**Род** е поим кој се однесува на социјалниот и културниот конструкт на тоа да се биде маж или жена. Меѓутоа, некои луѓе не се идентификуваат во рамките на бинарниот машко-женски систем. Родот постои независно од полот, така што родот на поединецот не одговара секогаш на полот кој му е назначен при раѓањето.

**Родов идентитет** е внатрешното чувство на поединецот во однос на неговиот род. За транс-луѓето, нивниот внатрешен родов идентитет не соодветствува на полот кој им е запишан при раѓањето. Повеќето луѓе имаат родов идентитет на маж или жена (или момче или девојче), но некои лица не можат сопствениот идентитет да го вклопат во овие две опции.

**Пол** е класификација на луѓето на машки и женски. При раѓањето, на бебињата им се означува полот, обично врз основа на изгледот на нивната надворешна анатомија. Полот на лицето, како што го дефинира биологијата, е комбинација од телесни карактеристики која ги вклучува: хромозомите, хормоните, внатрешните и надворешните репродуктивни органи и секундарните полови карактеристики. Бебињата чиј пол не може да се класифицира ниту како машки ниту како женски, се класифицираат како интерсексуални.

**Трансродови** или **транс** претставува сеопфатен термин кој ги вклучува сите луѓе чијшто родов идентитет не се совпаѓа со полот кој им е запишан при раѓањето, како и оние кои сакаат да го прикажат својот родов идентитет на начин различен од полот кој им е запишан при раѓањето. Трансродови луѓе се оние луѓе кои чувствуваат дека мораат или пак преферираат, дали преку говор, облека, додатоци, козметика или физички промени, да се претстават себеси различно од очекувањата за родовата улога која им била назначена при раѓањето. Ова ги вклучува, помеѓу многуте други, транссексуалните и трансродовите лица, трансвеститите, кросдресерите, безродовите, мултиродовите лица, родово квир лицата, интерсекс лицата и родово варијантните лица кои се поврзуваат или идентификуваат на кој било начин од горенаведените.

**Цисродови** или **цис** е термин кој се користи за луѓето чиј пол е во согласност со нивниот родов идентитет.

**Депатологизацијата** на транс-идентитетите значи дека тоа што некој е транс веќе нема да се гледа или карактеризира како психолошка абнормалност. Според новата класификација на болести на Светската здравствена организација МКБ-11, трансродовоста, односно транс-идентитетите не спаѓаат во менталните растројства.

**Родовото изразување** е надворешното претставување на родот, искажано преку името, родот на обраќање, облеката, фризурата, однесувањето, гласот или телесните карактеристики.

**Родово квир** или **родово флуидни** или **небинарни** лица се оние лица кои не се идентификуваат во рамките на бинарниот машко-женски систем, туку некаде надвор од него или помеѓу овие две опции. Некои родово квир лица користат неутрални заменки (во англискиот јазик тоа се „they/them“, додека во македонскиот јазик се уште немаме соодветни форми).

**Правно признавање на родот** е постапка за промена на името, ознаката за пол и матичниот број во матичните книги и документи, како што е изводот од матичната книга на родените, личната карта, пасошот и возачката дозвола.

**Транссексуалец** е постар термин кој потекнува од медицинската заедница и круговите на психолозите. Овој поим се уште го преферираат некои лица кои трајно ги измениле – или имаат намера да ги изменат – своите тела по пат на медицински интервенции (кои вклучуваат, но не се ограничени на хормони и/или хируршки процедури). За разлика од трансродовите (транс) лица, „транссексуалец“ не е сеопфатен термин. Најдобро е да прашате кој термин го преферира поединецот.

**Трансродов маж** или **транс-маж** се поими кои можат да ги користат луѓе на кои при раѓањето им е припишан женски пол, меѓутоа се идентификуваат како мажи и живеат како мажи. Најдобро е да прашате кој термин го преферира поединецот.

**Трансродова жена** или **транс-жена** се поими кои можат да ги користат лица на кои при раѓањето им е припишан машки пол, меѓутоа се идентификуваат како жени и живеат како жени. Најдобро е да прашате кој термин го преферира поединецот.

**Транзицијата** ги вклучува сите лични, медицински и правни чекори, или само некои од нив: кажување на семејството, пријателите и колегите; употреба на различно име и нов род на обраќање; различна облека; промена на името и/или ознаката за пол во документите; хормонска терапија; и можеби (иако не секогаш) еден или повеќе видови хируршки интервенции.



**Трансфобијата** е матрица на културни и лични убедувања, мислења, ставови и агресивно однесување засновано врз предрасуди, гадење, страв и/или омраза насочена кон поединци или групи кои не се вклопуваат или ги надминуваат општествените очекувања и норми во однос на родот и полот. Трансфобијата се изразува на различни начини, како на пример, со физичко насилство, трансфобичен говор и навреди, дискриминирачки медиумски прилози и социјално исклучување. Трансфобијата, исто така, вклучува и институционализирани форми на дискриминација, како што се криминализација, патологизација или стигматизација на различните родови идентитети и изразувања.

## Терминологија поврзана со сексуалната работа

Претставете им ги на слушателите усвоените дефиниции на поими поврзани со сексуалната работа согласно меѓународните стандарди и направете паралела со терминологијата што се користи во домашната правна рамка и терминологијата што се користи при известување за настани што вклучуваат сексуални работници. Слушателите ќе се запознаат одделно со овие термини и ќе дискутираат за нивната употреба наспроти термините што често се користат во медиумските објави: проститутка; курва; бело робје и други.

**Сексуална работа** претставува процес на обезбедување сексуални услуги за пари или за добра. Терминот сексуална работа на неосудувачки начин правилно ги опишува искуствата на луѓето вклучени во сексуалната работа (различните видови на сексуална работа кои спаѓаат во секс-индустријата) и не ограничува различна полова/родова вклученост во сексуалната работа.

**Сексуални работници** се жени, мажи, трансродови возрасни и млади луѓе (со наполнети 18 години) кои повремено или редовно примаат пари или добра во размена за сексуални услуги.

**Аболицијата** е пристап кој ја гледа сексуалната работа како експлоатација врз жената. Застапниците за аболиција веруваат дека сексуалната работа по дефиниција е експлоатирачка, насилна и блиска со ропство, а сексуалните работници се жртви. Тие се застапуваат за елиминирање на сексуалната работа преку казнување на побарувањето, односно криминализација на корисниците на сексуални услуги и третите лица кои управуваат или поседуваат секс-бизниси.

**Декриминализација на сексуалната работа** подразбира елиминација на репресивните казнени политики и воведување на закони кои важат за другите работници и бизниси – правото на признавање и заштита под законите за труд (работна сила) и вработување, право на формирање и вклучување во професионални асоцијации или синдикати и правото на легално поминување на границите за работа.

**Криминализација на сексуалната работа** има за цел да стави крај на процесот на купување и продавање сексуални услуги со тоа што се забранува со закон. Сексуалните работници, корисниците на нивните услуги, трети лица кои поседуваат или управуваат со секс-бизниси, како и други вработени во секс-бизнисот (чистач/ка, рецепција, обезбедување и сл.) може да се соочат со кривична санкција.

**Легализација на сексуалната работа** подразбира организирање на сексуалната работа под соодветни услови и контрола. Легализацијата може да вклучува: формирање на зони каде што сексуалната работа е дозволено да се случува; регистрација на сексуалните работници; задолжителни здравствени прегледи за сексуалните работници и друго.

**Трудов пристап кон сексуалната работа** е пристап кој ги гледа проблемите на здравјето и сигурноста на сексуалните работници преку призмата на работничките права, декриминализацијата на сексуалната трговија и колективното организирање на сексуалните работници за подобрување на работните услови и безбедноста при работа.

**Намалување на штети** е филозофија и стратегија за тоа како ние им овозможуваме информација и поддршка на оние кои практикуваат ризично однесување во нашите заедници. Овој концепт вклучува помош на луѓето кои употребуваат дроги, сексуалните работници/чки и маргинализираните заедници воопшто. Наместо да ги игнорира или осудува однесувањата кои се ризични преку промовирање апстиненција или криминализација, намалувањето на штети се стреми кон зајакнување на индивидуите и заедниците со цел да се намалат можните штетни последици од таквите однесувања. За сексуалната работа тоа може да значи промовирање на едукација, еманципација, грижа, подобри здравствени и работни услови, декриминализација на сексуалните работници, пристапи засновани врз почитување на основните човекови права.

**Ризично однесување** е синтагма која се употребува во стратегиите за превенција на ХИВ/СИДА и сексуално преносливи инфекции (СПИ). Со неа се означуваат потенцијално ризичните начини на однесување и сексуален однос преку кои можат да се пренесат/добијат ХИВ/СИДА и СПИ.

**Ризична група,** наспроти ризично однесување, е синтагма што е селективна и дискриминаторска бидејќи издвојува одделна група на луѓе и ги генерализира нив како опасни во однос на пренесување на ХИВ/СИДА и СПИ (пример, хомосексуалците, корисниците на дроги, сексуалните работници како ризична група и сл.). Ваквото гледиште (ризична група), наместо превентивна улога има спротивен ефект и го „потпомага“ социјалното исклучување и маргинализирање на одредени луѓе, со што ги прави уште поранливи по однос на пренос на ХИВ/СИДА и СПИ, а дава и лажна сигурност дека општата популација е заштитена и неподложена на ризик.

**Трговија со луѓе** претставува регрутирање, превезување, пренос, засолнување или прифаќање на лица, по пат на закана, или со употреба на сила, или со други форми на присила, или грабнување, или измама, или залажување, или со злоупотреба на моќ или состојба на немоќ, или со давање или примање пари или корист за да се добие согласност на лице кои има контрола над друго лице, заради експлоатација. Експлоатацијата вклучува експлоатација на проституција на други лица или други форми на сексуална експлоатација, принудна работа или услуги, ропство или практики слични на ропството, слугување или отстранувањето на органи. Како и во кој било друг сектор во стопанството, постоењето на елементи на експлоатација е присутен и во секс-индустријата. Мешањето на сексуалната работа со експлоатација, и мешањето на експлоатирачките работни услови со трговија со луѓе, води кон штетни закони што ги оддалечуваат сексуалните работници од материјалните ресурси и ги ограничува во организирањето за подобри работни услови и за бранење на своите работнички права.

**Маргинализирана група** е група од поединци кои ги обединува специфична положба во општеството, кои се објект на предрасуди, кои имаат посебни карактеристики што ги прават подложни на дискриминација и/или насилство и помала можност за остварување и заштита на правата и слободите.

### Извори:

Водич за новинари:

https://bit.ly/3q9biC6

Речник на термини поврзани со ЛГБТ и сексуална работа:

http://coalition.org.mk/portfolio_page/rechnik-na-termini-povrzani-so-seksualna-rabota-i-lgbt/

https://www.nswp.org/sites/nswp.org/files/StellaInfoSheetLanguageMatters.pdf

https://www.sexworkeurope.org/resources4sw/documents/sw_glossary_EN.pdf




# МОДУЛ 2

## МОДУЛ 2

## ПОСТОЈНАТА НАЦИОНАЛНА ЛЕГИСЛАТИВА И СИСТЕМОТ НА ЗАШТИТА НА ЖЕНИ И ДЕВОЈКИ ЖРТВИ НА РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Авторка: м-р Маја Балшиќевска

**Времетраење на целиот модул: 4 часа и 15 минути (255 минути)**

**Сесија 2.1. Граѓански систем на заштита од РБН и СН во Република Северна Македонија – национално законодавство**

**Времетраење: 60 минути**

**Преглед:** За соодветно пишување и известување за РБН и СН потребно е добро и јасно познавање на националното законодавство и системот на заштита на жени и девојки од РБН и СН. Оваа сесија ќе ги опфати законите кои го регулираат родово базираното насилство и семејното насилство, механизмите на превенција и заштита и услуги за заштита на жени и девојки кои се справуваат со РБН и СН во граѓанско-правниот систем на заштита. Притоа, фокусот е ставен на: Закон за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство (2021), Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство (2014), и Закон за социјална заштита (2019). Сесијата ќе опфати и други закони наведени во изворите и содржината.

**Цели:**

- ◊ Да се разберат граѓанскиот систем на заштита и обврските на институциите во заштита и превенција од РБН и СН врз жени и девојки;
- ◊ Да се насочи известувањето кон предизвиците за обезбедување заштита во националното законодавство.

**Опис на сесијата:**

Поделете ги учесниците на 3 групи и на секоја група дајте и студија на случај за жена жртва на насилство или семејно насилство. Студијата на случај бр. 1 треба да го опише насилството кое се случувало, интензитетот, траењето и моменталните (видливи) последици врз жената жртва.

Студија на случај бр. 2 треба да опише случај на психичко насилство и демнење, каде нема видливи или моментални последици врз жената жртва.

Студија на случај бр. 3 треба да опише повторно насилство врз жена жртва која претходно пријавила други насилни настани во надлежна институција. Секоја група има 10 минути да го прочита и дискутира случајот, и да увиди/предложи што треба да се преземе и како да се постапи во конкретниот случај. Дајте им насока на учесниците да наведат закони, документи, мерки што ги познаваат и кои би можеле да бидат применливи за конкретниот случај.

Потоа, секоја група има 5 минути да го презентира случајот и на флипчарт лист запишува клучни зборови кои ги препознале и навеле за конкретниот случај.

Во следните 20 минути се презентира содржината на сесијата преку пауерпоинт-презентација. Последните 15 минути од сесијата повторно се навраќаме на студиите на случај, и согласно презентацијата, се дискутира што и како може да се примени во конкретните случаи.

## КЛУЧНИ ПОЕНТИ ЗА ДИСКУСИЈА:

### Што опфаќа системот на заштита на жени и девојки жртви на РБН и СН во РСМ?

Системот за заштита на жените жртви во РСМ се состои од две компоненти: граѓанско-правен систем на заштита (граѓански систем) и кривичноправен систем на заштита (кривичен систем).

Граѓанскиот систем регулира привремени мерки за заштита со цел да се обезбеди брза и сигурна заштита на жртвите на семејно насилство. Релевантни институции кои го спроведуваат граѓанскиот систем се центрите за социјална работа (под МТСП), полицијата (под МВР), здравствените институции (под МЗ), образовните институции (под МОН), граѓанскиот сектор (ГО) и граѓанските судови.

### Кои се клучните закони што го регулираат граѓанскиот систем на заштита?

*Закон за социјална заштита*

Законот прецизира дека сите поими и изрази употребени во него се неутрално родови и се однесуваат и на мажи и на жени (член 5). Имајќи ја предвид комплексноста на РБН и СН, повеќекратните последици врз жртвите, нивните деца, семејства и општеството, Законот треба да осигури дека жртвите на РБН и СН добиваат социјална заштита во однос на нивниот економски статус, институционална и вонинституционална поддршка и спречување од сиромаштија.

Исто така, Законот за социјална заштита ги регулира мандатот, улогата и надлежностите на центрите за социјална работа. Дополнително, се очекува измена и дополнување на Законот согласно новиот Закон за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство, особено во делот на услугите за заштита и поддршка наведени во Законот.

*Закон за спречување, заштита и превенција од семејно насилство (2014)*

Целта на законот е преземање на мерки насочени кон превенција и заштита на жртвите на семејно насилство, почитување на основните човекови слободи и права, живот, личен интегритет, недискриминација и родова еднаквост, со должно внимание кон интересите и потребите на жртвата.

Првиот дел од Законот опфаќа превенција и дејствување на надлежните институции и превентивни мерки што тие ги преземаат за спречување и намалување на семејното насилство. Мерките за заштита се опфатени во посебен дел.

**Во мерките за заштита на жртвите од семејно насилство**, кои треба да ги обезбеди надлежен Центар за социјални работи,

наведени се: 1) сместување во центар за лица жртви на семејно насилство; 2) соодветна здравствена заштита; 3) соодветна психо-социјална интервенција и третман; 4) психо-социјален третман во советувалиште; 5) помош на семејството за редовно школување на дете; 6) правна помош и застапување; 7) економско јакнење на жртвата преку нејзино активно вклучување на пазарот на трудот.

*Закон за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство (2021)*

Новиот закон за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство е дел од усогласувањето на националното законодавство со одредбите на Истанбулската конвенција, а неговата цел е спречување и заштита од РБН и СН, како и подобрување на системот за заштита на жените жртви од каква било форма на РБН и СН во согласност со Уставот на РСМ и меѓународните договори.

Унапредувањата во однос на претходниот Закон за спречување, заштита и превенција од семејно насилство се во тоа што новиот закон ги опфаќа жените жртви на сите форми на родово засновано насилство, вклучително и семејното насилство.

Едно од најважните подобрувања во системот на заштита донесено со новиот закон е принципот на должно внимание кој ги обврзува сите учесници во системот на заштита да ги преземат сите соодветни законодавни, административни, судски и други мерки за спречување, заштита, истрага и казнување, и да обезбеди праведна компензација на жртвите или враќање во првобитната состојба за дејствија на насилство извршено од физички или правни лица. Законот се заснова и врз принципот на недискриминација, забрана за виктимизација, ранливи жени, соодветно приспособување за жени со попреченост, родово одговорна политика и зајакнување на жените жртви на насилство.

### Извори:


Закон за социјална заштита, МТСП, 2019: линк

Закон за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство (2021), МТСП, „Службен весник на РСМ“ бр. 24/20.01.2021

Закон за спречување, заштита и превенција од семејно насилство (2014), МТСП, 2014: линк

Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност, МТСП: линк

Закон за бесплатна правна помош, МП, 2019: линк




## Сесија 2.2. Граѓански систем на заштита од РБН и СН во Република Северна Македонија – ПОСТАПУВАЊЕ

**Времетраење: 75 минути**

**Преглед:** Оваа сесија е насочена кон постапувањето на надлежните институции во рамките на граѓанско-правниот систем на заштита на жени и девојки жртви на РБН и СН, а особено на центрите за социјална работа како водечка институција во граѓанско-правниот систем на заштита на жени и девојки жртви на РБН и СН. Освен тоа, оваа сесија ќе стави акцент на последиците од несоодветно и ненавремено постапување врз жени жртви, но и на општеството.

**Цели:**

- ◊ Да се добијат информации за начинот на постапување на надлежните институции од граѓанско-правниот систем за заштита – кои институции, кога и како постапуваат;
- ◊ Да се стави акцент на (не)постапувањето согласно легислативата и штетите кои настануваат со несоодветно и ненавремено постапување.

**Опис на сесијата:**

Учесниците се поделени во 2 групи. Првата група добива новинарски текст/статија во која се известува за случај на насилство врз жена, каде што е наведено постапувањето на најмалку 3 институции откако насилството е пријавено. Учесниците во оваа група треба да увидат кои институции, како и кога постапиле, и да дадат свое мислење во однос на тоа дали постапувањето било правилно. Втората група добива новинарски текст/статија во која се известува за случај на насилство по кој се уште не е постапено од ниту една институција. Учесниците во втората група треба да увидат/проценат кои институции треба да се повикаат и на какво постапување, со цел спречување на насилството и заштита на жртвата. За оваа активности учесниците имаат 15 минути.

Потоа, во следните 10 минути учесниците дискутираат заедно со раководителот на сесијата (обучувачот) што увиделе и предвиделе дека треба да се извести во една таква новинарска статија.

Во следните 15 минути обучувачот го изожува постапувањето на Центарот за социјална работа. Потоа на учесниците им се остава 5 минути да се навратат на статиите кои беа дискутирани во првиот дел на сесијата, да увидат дали ЦСР постапил правилно.

Во следните 15 минути обучувачот го презентира постапувањето на полицијата и судот. По презентацијата на учесниците им се оставаат 5 минути за да се навратат на статиите кои беа дискутирани во првиот дел на сесијата, да увидат дали полицијата и судот правилно постапиле.

Во последните 10 минути обучувачот ја презентира улогата на здруженија и специјализираните услуги во постапувањето. Со тоа сесијата завршува со споделени материјали за постојните специјализирани услуги во нашата држава.

## КЛУЧНИ ПОЕНТИ ЗА ДИСКУСИЈА:

### *Постапување на Центарот за социјална работа*

Постапувањето на Центарот за социјална работа е регулирано во законите опишани во претходната сесија (Закон за социјална заштита и Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство). Постапувањето на ЦСР во соработка со другите надлежни институции, како полицијата, здравствените установи и граѓанските судии, е регулирано во Протоколот за меѓусебна соработка на надлежните институции за спречување и заштита од семејно насилство. Овој протокол треба да претрпи соодветни измени согласно новиот Закон за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство (2021).

ЦСР постапува по пријавен случај на насилство врз жена. Откако му е пријавен случајот, центарот е должен веднаш, во рок од 24 часа, да направи првична процена на потребите на жената жртва и да изготви индивидуален план за работа, земајќи ги предвид природата, интензитетот и времетраењето на насилството, како и здравствениот и семејниот статус и други релевантни околности. ЦСР презема мерки за заштита на жените жртви на насилство за да помогне во справување со последиците од претрпеното насилство. Мерките за заштита се дадени во согласност со специфичните потреби на секој случај на насилство, но при секој случај на РБН и СН првенствено треба да се направи процена на ризикот од насилство, а потоа да се обезбеди психо-социјална поддршка веднаш по пријавувањето или приемот на жртвата. Со цел да се надмине финансиската зависност и да се овозможи вработување на жените кои претрпеле семејно насилство, ЦСР е должен да овозможи нивно економско зајакнување преку Агенцијата за вработување, односно вклучување во програмите и активните мерки за вработување.

### *Постапување на полицијата*

Примарната улога на секторите за внатрешни работи, како на организационите единици во рамките на МВР, е постапување по пријави за извршено насилство врз жени и семејно насилство, заштита на жените кои претрпеле насилство, сузбивање и спречување на насилството и откривање на сторителите и покренување постапка против нив. Имено, постапувањето на полициските службеници во случаи на РБН и СН започнува со добивање, односно прибирање на информација за сторено насилство од граѓани, државни органи или правни лица. Дежурниот полициски службеник кај кого е пријавен случајот лично врши процена за неговата тежина, при што е должен да обезбеди информации и податоци во однос на: сторителот, жената што претрпела РБН и/или СН и другите присутни членови на семејството; можната опасност за здравјето и животот на жената и на друг член од семејството; повредените лица и потребата од медицинска помош; употребата на оружје или друг предмет или закана дека ќе се употреби; дали насилството сè уште трае во моментот на пријавувањето; дали сторителот е присутен во домот на жената во моментот на пријавувањето или го напуштил домот. По излегувањето на местото на настанот и по извршената процена на ризик, полициските службеници се должни да изготват полициски извештај за извршената интервенција по пријава за семејно насилство во рок од 12 часа од интервенцијата на настанот.

### *Постапување на полицијата во предлагањето и спроведувањето на мерката „отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот“*

Во ситуација кога сериозно и непосредно е загрозен животот и здравјето на жртвите и членовите на семејството, по пријавувањето на насилството полицискиот службеник веднаш го посетува домот и прави процена на ризикот и опасноста од повторување на насилството. Полицијата е должна да подготви извештај за преземените дејства и предлог за изрекување на „отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот“, кој во рок од 12 часа од интервенцијата го поднесува до надлежниот суд. При посета на домот полицијата треба да се погрижи за обезбедување на здравствена заштита на жртвата и да го одземе оружјето што го поседува сторителот на семејно насилство. Во рок од 12 часа од интервенцијата, полицијата мора да го извести и ЦСР за конкретниот случај.

### Постапување на граѓанските судови

Граѓанските судови постапуваат во ситуација кога постои сериозна опасност за животот и здравјето на жртвата и членовите на семејството.

### Постапување на здравствените установи

Здравствените установи имаат улога во заштита на жртви на РБН и СН и во согласност со Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство (чл. 51), преземаат мерки за заштита на жртвата.

### Специјализирани услуги и постапување на здруженијата

Согласно Законот за спечување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство (чл. 52), здруженијата можат да преземаат мерки за заштита на жртвите, односно да: 1) обезбедуваат привремено згрижување; 2) обезбедуваат жртвата да добие потребна медицинска помош и по потреба ја придружуваат во најблиската здравствена установа; 3) даваат соодветна психо-социјална интервенција и третман; 4) обезбедуваат жртвата да добие психо-социјален третман во советувалиште, од стручни лица за жени жртви на насилство; 5) даваат правна помош и застапување; 6) ја упатуваат жртвата до соодветните државни и други органи надлежни за економско јакнење на жртвата и нејзино активно вклучување на пазарот на трудот, преку надлежен центар за вработување.

Овие мерки здруженијата ги спроведуваат преку специјализирани услуги (сервиси) за помош и поддршка на жени и деца жртви на насилство и семејно насилство, кои вклучуваат: СОС-линии за помош, засолниште (шелтер центар), кризен центар (кризно сместување 24 – 48 часа), бесплатна правна помош, психо-социјална помош и третман.



### Извори:


Протоколот за меѓусебна соработка на надлежните институции за спречување и заштита од семејно насилство, Влада на РМ, 2015: линк

Анализа на правната рамка и институционален одговор кон насилство врз жените, ЕССЕ, 2017: линк

Закон за прекршоци против јавниот ред и мир, „Службен весник на Република Македонија“, бр. 66/2007 152/2015.

Правилник за начинот на вршење на полициски работи, „Службен весник на РМ“, бр. 149/2007.

Правилник за начинот на проценка на ризикот по животот и телесниот интегритет на жртвата на семејно насилство и на ризикот од повторување на насилството, соодветно управување со ризикот, образецот на полицискиот извештај и на предлогот за изрекување на привремена мерка за заштита – отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот, „Службен весник на РМ“, бр. 28/2015.

Правилник за начинот на извршување на изречените привремени мерки за заштита на жртвата на семејно насилство и членовите на нејзиното семејство, „Службен весник на РМ“, бр. 28/2015.

Кодекс на полициска етика, „Службен весник на РМ“, бр. 72 од 11.6.2007.

Заеднички протокол за постапување во случај на семејно насилство, МВР: линк

Предизвици за процена на трошоците од семејно насилство во Република Македонија, Национална мрежа против насилство врз жени и семејно насилство, 2016: линк

Извештај од мониторингот на спроведувањето на Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, 2016: линк

Анализа на случаи на фемициди – убиства на жени во Република Македонија, Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, 2018: линк

## Сесија 2.3. Кривичен систем на заштита од РБН и СН во Република Северна Македонија – национално законодавство

**Времетраење: 60 минути**

**Преглед:** Оваа сесија ќе го опфати кривичноправниот систем на заштита на жени и девојки жртви на РБН и СН, како и законите што го регулираат кривичниот систем на заштита. До 2020 г. законски се регулира само семејно насилство, а согласно Истанбулската конвенција се прават измени во Кривичниот законик, каде што се дефинира родово базирано насилство и семејно насилство. Во таа смисла сесијата ќе се задржи на постапувањето во постојниот кривичен систем на заштита од РБН и СН.

**Цели:**

- Да се добијат информации за начинот на постапување на надлежните институции од кривичноправниот систем за заштита – кои институции, кога и како постапуваат.

**Опис на сесијата:**

Оваа сесија започнува со презентација на кривичниот систем на заштита преку конкретни случаи на насилство врз жени, кои биле процесирани во судовите во Р Северна Македонија. Обучувачот прикажува најмалку 2 случаи, од кои 1 завршува со фемицид поради непостапување на кривичниот систем на заштита. Оваа активност трае 20 минути.

Во следните 10 минути од учесниците се одбираат 4 доброволци кои ќе учествуваат во играње улоги. Се делат улоги на жртва на насилство, полициски службеник, судија и јавен обвинител, а останатите учесници ја задржуваат својата улога на новинари кои го набљудуваат случајот. Играчите на улоги добиваат насоки за својата улога и се подготвуваат за играње улоги.

Во следните 10 минути се играат улоги согласно насоките од обучувачот. Учесниците кои го набљудуваат случајот во меѓувреме треба да состават кратко известување во однос на тоа што го виделе и да забележат дали и како е постапено во случајот, и да наведат што треба да се преземе доколку не е преземено.

Последните 20 минути се користат за читање на 2-3 од составените известувања и се дискутира за нив со обучувачот и останатите учесници.

Сесијата завршува со поделени материјали за системот на заштита на жени и девојки жртви на РБН и СН во Република Северна Македонија.

### КЛУЧНИ ПОЕНТИ ЗА ДИСКУСИЈА:

Кривичноправната заштита на жените што претрпеле семејно насилство, односно ефикасното откривање, поведување и водење на кривична постапка, како и донесување на одлуки во врска со санкционирањето на семејното насилство, се регулирани во Кривичниот законик, Законот за кривична постапка и Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната. Секоја од институциите во кривичноправниот систем на заштита (МВР, основните јавни обвинителства и основните судови) има посебен мандат во одреден стадиум на кривичниот прогон и нивната улога е значително нагласена. Специфичното постапување на полицијата дополнително е регулирано и со Законот за полиција, Законот за прекршоци против јавниот ред и мир, како и со повеќе подзаконски прописи.

Полицијата по квалификување на пријава (поплака) за РБН и СН во кривично дело, истата ја процесира до надлежно ЈО, и оттаму ЈО ја предводи постапката.

**Извори:**

Кривичен законик, 2016: линк

Закон за одредување на видот и одмерување на висината на казната, 2914: линк

Закон за прекршоци против јавниот ред и мир, МВР, 2015: линк

Закон за полиција, МВР, 2015: линк

Закон за кривична постапка, 2010: линк

Анализа на правната рамка и институционален одговор кон насилство врз жените, ЕССЕ, 2017: линк

Анализа на случаи на фемициди – убиства на жени во Република Македонија, Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, 2018: линк

## Сесија 2.4. Клучни начела и принципи за заштита од РБН и СН согласно меѓународните документи и националните закони

**Времетраење: 60 минути**

**Опис:** Оваа сесија ќе ги опфати начелата и принципите врз кои се базира правилниот пристап за заштита и превенција од РБН и СН врз жени и девојки, како тие се отсликани во националното законодавство и кои се предизвиците во нивното (не)почитување и (не)применување. Сесијата се фокусира на принципот на должно внимание, недискриминација, забрана за повторна виктимизација, родово одговорни политики, како и принципот на итност.

**Цели:**

- Да се разбере суштината за заштита од РБН и СН согласно принципите и начелата за заштита;
- Да се разбере штетата која може да се нанесе врз жртвите, жените и општеството со непочитување и неприменување на начелата и принципите за заштита;
- Да се насочи известувањето кон подигање на свеста за почитување и применување на начелата и принципите за заштита од РБН и СН.

**Опис на сесијата:**

На учесниците поделете им картички или листови од хартија на кои е испечатен/ напишан 1 принцип/начело/препорака од меѓународните и националните документи наменети за заштита и спречување на РБН и СН. На картичките треба да се испишани зборовите: должно внимание, недискриминација, забрана за повторна виктимизација, родово одговорни политики, принцип на итност, обврска на државата, суштинска еднаквост, гонење на сторителите, елиминација на насилството врз жени и девојки, заштита од РБН и СН, превенција на РБН и СН и други. Од учесниците побарајте да размислат и објаснат/напишат што според нив означува тој поим и дали може да се препознае/примени во некој од националните закони/протоколи/ механизми кои им се познати. Оваа активност трае 10 минути. Во следните 20 минути сите учесници треба да прочитаат/објаснат што запишале во однос на поимот што го добиле.

Потоа обучувачот ги изложува начелата и принципите на меѓународните документи, зошто се тие важни и како може да се применат во националното законодавство. По завршување на презентацијата, последните 10 минути се користат за дискусија со учесниците на истата тема.

### КЛУЧНИ ПОЕНТИ ЗА ДИСКУСИЈА:

***Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација против жената на ООН и Факултативниот протокол***

Суштествен документ кој на најсеопфатен начин ги регулира правата на жената и родовата еднаквост претставува Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жената (ЦЕДАВ), која е усвоена во 1979 г., а стапи на сила во 1981 година. Конвенцијата ги елаборира еднаквоста, односно постојната нееднаквост на жената во политичкиот и јавниот живот, образованието, вработувањето и правата од работен однос, пристапот до здравствена заштита, финансиската и социјална сигурност, правните и граѓански права и обврски, стекнувањето на државјанство, семејните односи, а посветува одделно внимание и на борбата против насилството врз жените, како и проблемите на руралната жена. Со Конвенцијата е формиран и Комитет ЦЕДАВ до кој државите потписнички на Конвенцијата имаа обврска да поднесуваат периодични извештаи за состојбата во државата согласно обврските од Конвенцијата. Собранието на ООН на десетти декември 1999 г. го усвои и Факултативниот протокол кон Конвенцијата, кој овозможува два механизми за заштита на правата на жените и девојчињата загарантирани со Конвенцијата. Овие механизми на заштита, или процедурални постапки, се: постапка за поднесување на индивидуална претставка (Communication Procedure) и истражна постапка (inquiry procedure). Суштината на Конвенцијата се заснова врз три меѓусебно поврзани основни принципи: суштинска еднаквост, недискриминација и обврска на државата.

***Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство (Истанбулска конвенција)***

Конвенцијата за превенција и борба против насилството врз жените и семејното насилство е усвоена од страна на Советот на Европа во 2011 година и позната е под називот Истанбулска конвенција (ИК). Република Македонија ја потпиша конвенцијата во 2011 година, но ја ратификуваше во декември 2017 година, по што стапи на сила во 2018 година.

ИК има за цел да воспостави механизми за нулта толеранција кон сите форми на насилство врз жените и домашното насилство. Земјите потписнички и земјите кои ја имаат ратификувано ИК се обврзани да ја градат Европа како сигурно и безбедно место за девојчињата и жените во сите сфери на општественото опкружување. Специфичните цели на ИК се:

- Заштита и спречување на сите форми на насилство врз жените;
- Гонење и казнување на сторителите на насилство;
- Воспоставување механизми за следење на имплементација на Конвенцијата;
- Создавање сеопфатни политики и мерки за заштита и помош на сите жртви на различни форми на насилство врз жените, вклучително и домашно насилство;
- Обезбедување помош и поддршка на организациите и на органите за спроведување на законот преку усвојување на интегриран пристап за елиминација на насилството;
- Промовирање родова еднаквост (еднаквост меѓу мажите и жените).

Темелите врз кои се потпира Конвенцијата, а кои значат исполнување на примарната цел на овој правнообврзувачки документ, се однесуваат на: спречување на насилството, заштита на жртвите на насилство и гонење на сторителите. Особено важен е членот 5 од Конвенцијата, кој го нагласува **принципот на должно внимание** и обврските на државата. Имено, должното внимание означува дека државата ги презема потребните законодавни и други мерки за со должно внимание да се спречат, истражат, казнат и да се обезбеди репарација за актите на насилство кое е извршено.



## Извори:

Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените и нејзиниот Факултативен протокол (CEDAW): линк

ПРИРАЧНИК – За примена на Факултативниот протокол на Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените, Хелсиншки комитет за човекови права, 2019: линк

Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство (Истанбулска конвенција): линк

Акциски план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство на Република Македонија 2018 – 2023: линк

Сè што ТРЕБА да знаеме за Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство!, Национална мрежа против насилство врз жени и семејно насилство, 2018: линк

Извештај за напредокот на Р Северна Македонија при спроведувањето на Националниот акциски план за имплементација на Истанбулската конвенција (октомври 2018 – октомври 2020), Национална мрежа противно насилство врз жени и семејно насилство, 2020: линк

Соопштение за јавност: Напредок на државата по прашањето на насилство врз жени и семејно насилство – осврт на препораките од меѓународните тела, Национална мрежа против насилство врз жени и семејно насилство, 2019: линк




# МОДУЛ 3

# МОДУЛ 3
# ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА РОДОВО БАЗИРАНОТО НАСИЛСТВО

Авторка: д-р Марина Тунева

**Времетраење на целиот модул: 5 часа (300 минути)**

**Сесија 3.1. Анализа на претставувањето на родово базираното насилство во медиумите**

**Времетраење: 90 минути**

**Опис:** Во текот на оваа сесија ќе се разгледува начинот на кој медиумите вообичаено известуваат за родово базираното насилство и сликите што ги „произведуваат“ како резултат на таквото известување. Преку тоа ќе се разгледа улогата на медиумите во општеството и различните типови влијанија што ги имаат, преиспитувајќи ги причините и околностите за таквото известување, како и факторите што влијаат врз медиумската независност.

**Цели:**

- ◊ Да се разбере начинот на кој медиумите го претставуваат родово базираното насилство и да се утврдат клучните недостатоци;
- ◊ Да се утврдат елементите што влијаат врз медиумската независност;
- ◊ Да се поттикне дискусија за анализа на улогата на новинарите во продуцирањето соодветни наративи за родово базираното насилство.

**Тек на сесијата**

Сесијата започнува со опис на претставувањата во медиумите како „конструкции на аспекти од реалноста“, креирани со цел да се создаде одредено значење што ќе се пренесе на публиката. Се објаснуваат и начините на создавање погрешни перцепции околу родово базираното насилство и претставувањето на маргинализирани групи на жени преку различните форми на медиумска пристрасност (на пример, преку изборот на извори на информации, изборот на теми, употребата на погрешна терминологија и етикетирања, спинувањата, врамувањата, итн.).



Во овој контекст, за да се добие појасна претстава што значат претставувањата, обучувачот, како вовед во дискусијата што ќе следува подоцна, ги посочува прашањата на Фрај-Мајгс:

**Реализам**: дали текстот има намера да биде реалистичен? Зошто некои текстови се пореалистични од другите?
**Кажување на вистината:** на кој начин медиумите тврдат дека ја кажуваат вистината? На кој начин се обидуваат да бидат автентични?
**Присуство и отсуство**: што е вклучено и исклучено од медиумите? Кој зборува, а кој е замолкнат?
**Пристрасност и објективност**: дали медиумските текстови поддржуваат одредени перспективи, ставови и вредности?
**Стереотипизацијa**: како медиумите претставуваат одредени групи во општеството? Дали тие претставувања се вистинити?
**Интерпретации**: зошто публиката прифаќа некои претставувања во медиумите како вистинити, а отфрла други како погрешни?
**Влијанија**: дали претставувањата во медиумите влијаат врз нашите гледишта за одредени групи или прашања во општеството?

По заокружувањето на овој сегмент од сесијата, следува интерактивен дел, во којшто се анализираат примери од медиумското известување врз основа на следниве чекори:

- Изберете теми/проблеми и разгледајте го претставувањето.
- Кои се матриците што се појавуваат?
- Кому му е дадена вредност (моќ, решава проблеми...)?
- Кои се пораките?
- Што недостига во претставувањето?
- Кое е можното влијание?

Примери од медиумското известување обезбедува обучувачот или, пак, на учесниците им е дадена можноста самите да изберат свои и да ги анализираат според посочените чекори. Во зависност од големината на групата, се определува и бројот на поединечни групи во чии рамки ќе се реализира задачата. По дискусијата во групи, се презентираат заклучоците.

## КЛУЧНИ ПОЕНТИ ЗА ДИСКУСИЈА

Се дискутира за забележаните „рамки“ на известување во медиумите и медиумската пристрасност.

## Сесија 3.2. Етички принципи во известувањето за родово базираното насилство

**Времетраење: 60 минути**

### Опис:

Преку оваа сесија ќе се направи преглед на етичките принципи во известувањето за родово базираното насилство, помагајќи им преку тоа на новинарите да се насочат во својата работа.

### Цели:

- ◊ Да се разберат етичките принципи во известувањето;
- ◊ На новинарите да им се помогне да известуваат за родово базираното насилство на најдобар начин;
- ◊ Да се промовираат најдобри практики во известувањето за оваа тема.

### Тек на сесијата

Најпрво се прави преглед на клучните принципи на етичко известување за родово базираното насилство. На флипчарт, во три колони, се запишуваат деветте принципи на известување. Учесниците се делат во три групи и секоја од нив дискутира за три принципи. Од учесниците се очекува да го дефинираат секој принцип и да посочат соодветен пример на професионално известување, со кој ќе се илустрира секој поединечен принцип. Алтернативно, учесниците може да предложат како тие би информирале за некоја тема почитувајќи ги наведените принципи. Потоа, секоја од групите го презентира резултатот од својата работа пред сите учесници. Обучувачот и учесниците дискутираат за претставените случаи.



## КЛУЧНИ ТОЧКИ ЗА ДИСКУСИЈА

На новинарите (учесниците) им се објаснуваат клучните принципи за етичко известување за родово базираното насилство и за маргинализираните групи на жени.

Тие се следниве:

1. **ТОЧНОСТ.** Обезбедувањето на вистинските информации е основата на известувањето, како за секое така и за родово базираното насилство. Известувањето треба да е доволно сензитивно, но и да биде фактички точно. Новинарите треба да известуваат конкретно, но и да не се обидуваат да известуваат за одредени прашања, како, на пример, за кривичните постапки доколку не го разбираат процесот. Некои новинари се обидуваат да користат речник што може да се разбере и како еуфемистички (на пример, „ја обљубил“), наместо да го користат вистинскиот поим („ја силувал“). Ваквиот пристап води до погрешно известување.
2. **ЧЕСНОСТ.** Новинарите секогаш треба да бидат фер и чесни со соговорниците. Кога зборуваат со лица коишто доживеале родово базирано насилство, имаат дополнителна должност да водат сметка да ги заштитат потенцијално ранливите извори на информации.
3. **НЕПРИСТРАСНОСТ.** Новинарот не е тој/таа што треба да суди или дискриминира. Особено е важно новинарите да не се служат со информации што може да се толкуваат како посочување на вина кон лицето коешто доживеало родово базирано насилство. На пример, доколку новинарот/новинарката спомене како била облечена жртвата за време на нападот или, пак, спомене други аспекти од физичкиот изглед на жртвата, тоа може да создаде впечаток дека им се суди на жртвите. Ова особено е случај во статии/колумни во кои некои новинари се обидуваат да додадат детали или да ги „обојат“ сториите на начин што може да предизвика перцепција дека оној што го извршил насилството „се ослободува“ од одговорноста.
4. **ДОЛЖНОСТ ДА СЕ ИНФОРМИРА.** Кога се известува за родово базирано насилство, важно е да се прави разлика меѓу она што е „во јавен интерес“ и она што „ја интересира јавноста“. Некои стории за родово базирано насилство се однесуваат на високопозиционирани јавни личности и содржат многу лични детали. Со ова се покажува тенденција за третирање на темата на сензационалистички начин, без корисни информации за оние кои доживеале родово базирано насилство.

5. **ЗАШТИТА НА ПРИВАТНОСТА.** Принципиелното и етичко новинарство подразбира почитување на приватноста на оние кои доживеале родово базирано насилство и на нивните најблиски. Новинарите, исто така, треба да внимаваат да не изнесуваат детали кои, кога ќе се поврзат, овозможуваат утврдување на идентитетот на жртвата (како, на пример, локација, возраст, облека, член на семејството итн.).
6. **ЗАШТИТА НА ИЗВОРИТЕ НА ИНФОРМАЦИИ.** Новинарите секогаш треба да водат сметка да ги заштитат своите извори на информации. Истото се однесува и на сите луѓе со коишто соработуваат со цел да дојдат до информациите што им се потребни за сторијата.
7. **ДА НЕ СЕ ПРАВИ ШТЕТА.** Како општо правило, новинарите треба да се предводат од принципот на ограничување на штетата. Ова подразбира емпатичност кон лицата кои доживеале траума и почитување на нивната приватност; свесност дека изворите на информации се можеби неискусни во справувањето со медиумите; и разбирање дека е потребна рамнотежа меѓу правото на јавноста да биде информирана и правото на осомничениот на фер судење.
8. **ПОДДРШКА НА ЖРТВИТЕ.** Со овој пристап на известување на жртвите ќе им се помогне преку тоа што главниот акцент ќе се стави врз процесот на нивно заздравување од траумата. Освен тоа, новинарите ќе имаат предвид дека секое лице има свои карактеристики и различно реагира на родово базираното насилство. Ако луѓето околу оние што доживеале насилство се во позиција на моќ (како што се новинарите и давателите на услуги) и ја наметнуваат својата перспектива, тие можат ненамерно да создадат друго искуство со кое лицата што доживеале насилство ќе чувствуваат натамошна обесправеност. Пристапот на поддршка на жртвите подразбира поставување приоритети што се во нивен најдобар интерес и примена на водечките принципи на безбедност, доверливост, почитување и недискриминација.
9. **ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ИНТЕРВЈУИРАЊЕ.** Интервјуираниот треба да биде целосно свесен за последиците од одлуката да зборува.

На крајот од сесијата, повторно ќе се разгледаат примерите од работата на учесниците во групи низ призма на опишаните стандарди на етичко известување. Ќе бидат прикажани и дополнителни примери на професионално и погрешно известување за овие прашања.



## Сесија 3.3. Техники за професионално известување за родово базираното насилство

**Времетраење: 60 минути**

**Опис:** Оваа сесија вклучува преглед на техниките што може да ги користат новинарите во известувањето за родово базираното насилство. Дел од техниките што ќе се разработат во оваа сесија вклучуваат: преиспитување на сите извори на информации, соодветно разбирање и толкување на податоците, проверка на фактите и информациите и др.

**Цели:**

- ◊ Да се научат техниките за добро известување за родово базираното насилство;
- ◊ Да се утврдат можности за ефективна примена на техниките во редовното медиумско известување.

### Тек на сесијата

Обучувачот прави кратка презентација, претставувајќи ги техниките и препораките за известување за родово базирано насилство.

Меѓу главните пристапи и техники на известување, се образложуваат следниве:

- Да се најдат повеќе извори на информации. Да не се става акцент единствено врз полицијата и судовите. Да се консултираат граѓанскиот сектор и експертите кои се запознати со проблемите од овој вид.
- Соодветно користење податоци, статистика и преиспитување на нивната валидност.
- Споредување на фактите до кои дошол новинарот со податоците во истражувања и други документи.
- Да им се овозможи на луѓето кои доживеале родово базирано насилство да зборуваат за проблемот.
- Да не се известува за детали што го зголемуваат ризикот за жртвите.
- Внимателно користење на јазикот/терминологијата.
- Обезбедување соодветен контекст. Разгледување на постојниот контекст во однос на родовите улоги, родовата еднаквост, законските норми итн.
- Да не се објавуваат имињата на насилниците додека не заврши судската постапка.
- Да не се користат сензационалистички наслови.

Потоа следува дел во кој обучувачот ги презентира главните техники на интервјуирање жртви на родово базирано насилство. Во нив, меѓу другото, спаѓаат:

- ♦ Емпатија со соговорникот;
- ♦ Користење соодветен говор на телото;
- ♦ Признание за различните искуства;
- ♦ Почитување на границите и степенот до кој соговорникот ќе зборува за своето искуство;
- ♦ Фокус кон темата;
- ♦ Договор околу идентификувањето на соговорникот;
- ♦ Внимателно користење визуелни елементи.

По овој дел, обучувачот води сесија на брејнсторминг со цел да се состави листа на прашања што би се поставиле при интервјуирање на лице кое доживеало родово базирано насилство. Присутните предлагаат прашања надоврзувајќи се еден на друг.

Обучувачот ги сумира резултатите од брејнстормингот и ја надополнува листата со свои сугестии. Како, на пример, со следниве прашања:

- Зошто ви беше тешко да ја напуштите врската/бракот/релацијата за да прекине насилството?
- Доколку жената не е подготена да си замине, кои услови се важни за да може да го направи тоа?
- Каде најдовте помош? Дали полицијата можеше да ви помогне? Од кој друг би побарале помош?



## Сесија 3.4. Создавање професионални стории за родово базирано насилство

**Времетраење: 90 минути**

**Опис:** Во текот на оваа сесија учесниците ќе бидат „менторирани“ во осмислувањето нови стории, коишто содржат нови агли/перспективи во известувањето за родово базираното насилство. На учесниците ќе им се помогне да ги утврдат новите агли во известувањето и ќе им се објаснат основните принципи за создавање на ефективни стории.

**Цели:**

- ◊ Да се поттикне известувањето за родово базираното насилство од различни перспективи.
- ◊ Да се разбере начинот на којшто може да се генерираат идеи за написи и да се утврдат соодветните агли за развивање ефективни стории.

**Тек на сесијата**

### Прв чекор

- » Дефинирање на аголот од којшто ќе се известува.
- » Се објаснуваат клучните принципи за подготовка на сториите (види подолу – Клучни точки за дискусија).
- » Учесниците се делат во три групи.
- » На секоја група и се даваат инструкции да подготви предлог за сторија. Обучувачот ги насочува учесниците да дефинираат тема на сторијата која нуди нова перспектива во однос на проблемот со родово базираното насилство, нешто што произлегува од актуелно случување или, пак, претставува навраќање на прашање/проблем што е долготраен, но е несоодветно и нецелосно обработен низ медиумското известување итн. Обучувачот ги поттикнува учесниците да размислат за примери што се автентични, но непристрасни и не им прават штета на лицата што преживеале насилство. Или, пак, за стории што се концизни и едноставни, но коректни.
- » На крајот од овој дел, секоја група ја презентира својата идеја за сторија пред групата.

## КЛУЧНИ ТОЧКИ ЗА ДИСКУСИЈА

### Насоки за создавање на сторијата

- Да привлече внимание;
- Информативна;
- Концизна;
- Едноставна;
- Непосредна;
- Да нуди решение.

По дискусијата за предложените теми, обучувачот може да помогне во дополнување на листата со предлози, како што се следниве:

- Причините за родово базирано насилство;
- Влијанието на родово базираното насилство врз настраданите и како се промениле нивните животи како последица на настанот;
- Најчести видови на насилство што се пријавуваат;
- Последици врз децата коишто се сведоци на семејно насилство;
- Колку постојните закони ги штитат жртвите на насилство;
- Од кои причини на жените им е потешко да зборуваат за насилството;
- Следење на работата на институциите кога станува збор за родово базирано насилство;
- Кибернасилство врз жените итн.

Во рамки на оваа сесија поканет е гостин – предавач, искусен новинар и истражувач во областа на медиумите. Тој/таа ќе презентира примери од истражувања и политики во однос на родово базираното насилство, по што следува заедничка дискусија и препораки.

### Извори:


Global Protection Cluster, Media Guidelines for reporting on gender-based violence in humanitarian contexts”: https://www.refworld.org/pdfid/5c3701d27.pdf

Interpress Service (2009) Reporting a gender based violence – a handbook for journalists: https://www.endvawnow.org/en/tools/view/481-reporting-gender-based-violence-a-handbook-for-journalists.html

UNESCO (2006) Media Education: A kit for teachers, students parents and professionals: http://www.unesco.org/new/en/communication-and-information/resources/publications-and-communication-materials/publications/full-list/media-education-a-kit-for-teachers-students-parents-and-professionals/

UNESCO (2010) A Gender Toolkit for Educators:

http://portal.unesco.org/en/files/47654/12737402501Gender_Toolkit_for_Educators.pdf/Gender%2BToolkit%2Bfor%2BEducators.pdf

UNESCO (2020) Guidelines for inclusive reporting on Covid-19: https://semm.mk/attachments/14-12-2020/Guidelines%20on%20inclusive%20media%20reporting%20during%20Covid-19.pdf

UN Women (2017) Media coverage of gender-based violence – Handbook and Training of Trainers: https://eca.unwomen.org/en/digital-library/publications/2017/09/media-coverage-of-gender-based-violence---handbook-and-training-of-trainers